# С. Минев



С. Минаев

# СТАНКО МИЦЕВ



Роден 1967. година во Скопје. Факултет за ликовна уметност завршил во Скопје во 1991 година, во класата на проф.
Рубенс Корубин
Член на ДЛУМ од 1993. година.
Адреса: Ул. „Франклин Рузвелт" бр. 63-Скопје. Тел. (091) 251-334.

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:

Скопје, Галерија ЈАТ, 1992 година.

ГРУПНА ИЗЛОЖБА:

Скопје, Музеј на Македонија 10-годишнина од формирањето на ФЛУ, 1991. Newcastle, Australia, Exhibition of students'works on Paper, University of Newcastle, 1991.Скопје, Дом на АРМ, дипломирани студенти на ФЛУ, 1991. година. Скопје, Ликовен салон на ДЛУМ, новопримени членови на ДЛУМ, 1993 г.

Кавадарци, Скопје Куманово, –
13 тиквешки ликовни уметници, 1993 г.

# ПРВОБИТНИОТ ЈАЗИК НА СТАНКО МИЦЕВ

Штотуку за првпат ги видовме сликите на Станко Мицев, минатата година кога заедно со неколкумина негови врсници влезе во ДЛУМ, а еве тој подготвил самостојна изложба, и тоа одлична. Гладен за сликање, преполн со експлозивна содржина тој на таа мала, но гурмански насликана серија и додал интензитет и дисциплина ретки за неговата возраст. Невиноста, талентот, боите и меѓубоите, тие тајнички на природниот рафинман што ниту однекаде се учат, ниту пак однекаде можат да се откраднат, избликнале низ денонокната работа! Не верувам дека нешто се случило во свеста на сликарот. Едноставно тој запловил во својата судбина, во сликарството.

Брзината со која сега младиот Мицев се нурнува во длабоките води на сликарството е секако показ на лична среќа, но и на нешто што би можело да се нарече - колективно освоена почва. Ако во потрага по неа, по тој толку неопходен творечки „бекграунд", младите уметници до вчера одеа најдалеку што можат од своето наследено сликарство милје, (имаа ли Личеноски и Мартиновски вистинско продолжување во нашата средина?!), денес изгледа дека тоа не е нешто сосем обврзно. Не тврдам дека и Станко Мицев низ својата довчерашна лична школска лектира не се чешнал од Пикасо, од Дибифе, можеби дури и од Енрико Бај. Па сепак, јасно е дека она што ги нахранило неговата храброст и безрезервното предавање на пиктуралната пасија е од домашно потекло - изобилството на Мазев и она што неодамна д-р Борис Петковски го нарече „тиквешка инспирација".

Не е ни чудно кога се знае дека токму по генот тој му припаѓа на овој климатски простор.

По начинот на кој што од него излегуваат и се пластат боите, по начинот на кој камшикува и сече цртежот, Станко Мицев покажува дека тој и како суштество и како вокација – друг јазик освен сликарството нема. Нема ни промисла, ни програма во неговото определување за овој израз што некој можеби ќе го нарече нео-експресионизам. За него чинам дека сликата е далеку од тоа да посака да биде поим, а уште помалку да биде фраза. Имам впечаток (што е малку чудно за млад човек), едуциран во мошне конвенционалните, да не кажам баналните рамки на нашата педагошка средина), дека целата слика за него е само еден гест. Без оглед дали тргнал од еден видлив мотив, дали поминал на една внатрешна гримаса или на некаква имагинарна маска, и дали можеби сè не отишло во некаква непрепознатлива, драматично интонирана сликарска структура, Мицев ја прави видлива за нас пред сè сликата што го измачува и што мора да се појави. Оваа неопходност е најдрагоценото нешто што ни го нуди ова сè уште младо, бујно и секако веќе артикулирано по својот интензитет, сликарство.

За мене лично, во тоа е и неговата иднина.

Скопје,
декември, 1993

Глигор ЧЕМЕРСКИ

# КАТАЛОГ

1. ПРЕДЕЛ, масло на платно, 92x72, 1993
2. КОМПОЗИЦИЈА I, маслo на платно, 79x79, 1993
3. КОМПОЗИЦИЈА II, масло на платно 79x79, 1993
4. ПОРТРЕТ I, масло на платно, 91x72, 1993
5. ЖЕНА И ПЕТЛЕ, масло на платно, 90x89, 1993
6. ДЕТЕ, масло на платно, 99x89, 1993
7. АНГЕЛ, масло на платно, 79x79, 1993
8. КОМПОЗИЦИЈА III, масло на платно, 130x100, 1993
9. КОМПОЗИЦИЈА IV, масло на платно, 130x100, 1993
10. КОМПОЗИЦИЈА V, масло на платно, 64x60, 1993
11. КОМПОЗИЦИЈА VI, масло и колаж на платно, 72x53,1992
12. ПОРТРЕТ II, масло на платно, 60x50, 1992
13. ПОРТРЕТ III, масло на платно, 60x50, 1992
14. ПОРТРЕТ IV, масло на платно, 59x59, 1993
15. ПОРТРЕТ V, масло на платно, 64x60, 1993
16. ЗЕЛЕН ПОРТРЕТ, масло на платно, 69x50, 1993
17. ЗЕЛЕН АКТ, масло на платно, 60x52, 1993
18. ПТИЦА, масло на платно, 62x62, 1992
19. ВОЗ, масло на платно, 64x54, 1992
20. МРТВА ПРИРОДА, масло на платно, 60x50, 1992
21. МРТВА ПРИРОДА, масло на платно, 65x53, 1992
22. ЦВЕЌЕ, масло на платно, 59x49, 1993
23. КАФЕЗ, масло на платно, 64x54, 1992
24. МАСКИ, масло на платно, 92x65, 1993
25. БИК, масло на платно, 69x63, 1992
26. МАСКИ, масло на платно, 64x64, 1992
27. ТРИ ФИГУРИ, масло на платно, 59x59, 1992



2






С. Мицев '92





ОРГАНИЗАЦИЈА НА ИЗЛОЖБАТА:
ДЛУМ

ПРЕДГОВОР:
ГЛИГОР ЧЕМЕРСКИ

ЛИКОВНО ОБЛИКУВАЊЕ:
ВЕРИЦА ЧУЛАКОВСКА

ПЕЧАТ:
„НОВА МАКЕДОНИЈА“
ТИРАЖ: 300

KRKA FARMA
SKOPJE